# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

04 јули 2022 година Гевгелија Број 7 Година XXXXI

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), одредбите од Законот за рамномерен регионален развој (,,Службен весник на Република Северна Македонија" бр.24/21), член 62 и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21) Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 29.06.2022 година, донесе:

# ОДЛУКА

**за утврдување приоритет на проект:**
**„Пристапен пат до земјоделско земјиште во КО Мрзенци, Општина Гевгелија”**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува приоритет на проект: „Пристапен пат до земјоделско земјиште во КО Мрзенци, Општина Гевгелија”.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување и ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Гевгелија”.

Бр.09-1549/1
29.06.2022 год..
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), одредбите од Законот за рамномерен регионален развој (,,Службен весник на Република Северна Македонија" бр.24/21), член 62 и член 38 став (1) точка 44 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 25/06, 8/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21) Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 29.06.2022 година, донесе:

# ОДЛУКА

**за давање Согласност за намената на инвестицијата**
**„Пристапен пат до земјоделско земјиште во КО Мрзенци, Општина Гевгелија”**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Гевгелија дава согласност за намена на инвестицијата, со цел реализација на проект: „Пристапен пат до земјоделско земјиште во КО Мрзенци, Општина Гевгелија”.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување и ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Гевгелија”.

Бр.09-1550/1
29.06.2022 год..
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---

Врз основа на член 94 и 95 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ” бр. 15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и „Службен весник на РСМ” бр.275/19), член 22 став (1) точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ” бр.5/2002), Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Службен весник на РМ“ бр.193/16, 72/2018 и 16/2022) и член 38 став (1) точка 8 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија” бр.25/2006, 8/2010, 18/2014, 13/2020, 2/2021 и 5/2021), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 29.06.2022 година, донесе:

## ПРОГРАМА

### За измена и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште во Општина Гевгелија за 2022 година

**Член 1**

Во Програмата за уредување на градежното земјиште во Општина Гевгелија за 2022 година („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.15/2021), во глава VI.„Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште и начин на плаќање“, во делот „ VI.3. Начин на утврдување на корисната нето површина на објектите и Коефициенти врз основа на кои се пресметува надоместокот за уредување на градежно земјиште“, во табелата се додаваат две нови точки 11 и 12 кои гласат:

| | | |
|---|---|---|
| 11 | За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија) | 0,01 |
| 12 | За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), за 50% од површината на градежната парцела | 0,01 |

**Член 2**

Во глава VI.„Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште и начин на плаќање“, во делот „VI.4. Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште“, во табелата редовите:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Фотоволтаични панели поставени на објекти | ден./$м^2$ | 60,00 | 60,00 | 60,00 |
| Објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија – Фотоволтаични централи до 1 MW | ден./$м^2$ | 100,00 | 100,00 | 300,00 |

се заменуваат со нови редови кои гласат:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија)[1]. | ден./$м^2$ | 8.615,00 | 8.615,00 | 8.615,00 |
| Објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели), за 50% од површината на градежната парцела[2] | ден./$м^2$ | 5.743,00 | 5.743,00 | 5.743,00 |

**Член 3**

Оваа Програма влегува во сила следниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Гевгелија”.

Бр.09-1551/1
29.06.2022 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---

[1] Висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во РСМ за последната година, помножена со коефициентот од т.11 од табелата од дел VI.3
[1] Висината на трошоците за уредување на градежното земјиште не може да биде повисока од 20% од висината на просечната нето плата во РСМ за последната година, помножена со коефициентот од т.12 од табелата од дел VI.3.

Врз основа на член 36 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РМ“ бр.32/2020) Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.06.2022 година, донесе

**ОДЛУКА**

**За донесување на Техничка исправка на ГП 3.24 и 3.24а од Детален урбанистички план Блок 16, донесен со Одлука број 09-267/1 од 28.01.2022 година, општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Техничка исправка на ГП 3.24 и 3.24а од Детален урбанистички план Блок 16, донесен со Одлука број 09-267/1 од 28.01.2022 година, општина Гевгелија плански период 2014-2024 година, со графички приказ на планот и текстуален дел на планот.

**Член 2**

Техничка исправка на ГП 3.24 и 3.24а од Детален урбанистички план Блок 16, донесен со Одлука број 09-267/1 од 28.01.2022 година, општина Гевгелија плански период 2014-2024 година е дел од Детален урбанистички план за Блок 16, општина Гевгелија, плански период 2014-2024 година кој ќе се применува во форма на пречистена верзија на планот за градежните парцели за кои се однесува исправката.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1552/1<br>29.06.2022 год.<br>Гевгелија

Претседател<br>на Советот на Општина Гевгелија,<br>**Патрик Матх с.р.**

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 год. и "Службен весник на РСМ" бр.174/21 год.), член 2 став (1) и став (2) од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во уранистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16 год.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.06.2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување потреба за прифаќање на иницијатива од барателот за изработка на Урбанистички проект (УП) (КП бр.58/1 КО Мрзенци)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за прифаќање на иницијатива за изработка на Урбанистички проект (УП), со намена А1.5-Куќа во состав на селски стопански двор, со која ќе се врши вклопување на бесправно изграден објект на КП бр.58/1 КО Мрзенци, согласно Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.32/20, 219/21 и 104/22 год.), а по барање УП.1 бр.11-636-л од 31.12.2018 год. од **Димитрула Ангова** со стан на ул."Васо Карајанов" бр.1, Гевгелија.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1553/1
29.06.2022 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---------------------------------------------------------------

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 год. и "Службен весник на РСМ" бр.174/21 год.), член 2 став (1) и став (2) од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во уранистичко-планска документација ("Службен весник на РМ" бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16 год.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.06.2022 година, донесе

# ОДЛУКА

**за утврдување потреба за прифаќање на иницијатива од барателот за изработка на Урбанистички план за село (УПС) (КП бр.1727/1 КО Серменин)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за прифаќање на иницијатива за изработка на Урбанистички план за село (УПС), со која ќе се врши вклопување на бесправно

изграден објект на КП бр.1727/1 КО Серменин, согласно Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.32/20, 219/21 и 104/22 год.), а по барање УП.1 бр.11-213-л од 26.07.2018 год. од **Михаил Делов** со стан на ул."Белградска" бр.6, Гевгелија.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1554/1 Претседател
29.06.2022 год. на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Патрик Матх с.р.**

-----------------------------------------------------------

Врз основа на член 11 став (1) точка 7 од Законот за јавните претпријатија (″Службен весник на РМ″ бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 год. и „Службен весник на РСМ“ бр.275/19 и 89/22 ) и член 38 став (1) точка 31 од Статутот на Општина Гевгелија (″Службен гласник на Општина Гевгелија″ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 29.06.2022 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за давање согласност на Финансискиот извештај на Јавното претпријатие за комунални дејности ″Комуналец″- Гевгелија за периодот 01.01.2022г. – 31.03.2022 година**

1.**Се дава согласност** на Финансискиот извештај на Јавното претпријатие за комунални дејности ″Комуналец″-Гевгелија за периодот од 01.01.2022 год. – 31.03.2022 година, усвоен и предложен од Управниот одбор на Јавното претпријатие со Одлука бр.02-935/4 од 22.06.2022 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во ″Службен гласник на Општина Гевгелија″.

Бр.09-1555/1 Претседател
29.06.2022 год. на Советот на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Патрик Матх с.р.**

-----------------------------------------------------------------

Врз основа на член 36 став (1) точка 6 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр. 05/02 г.) а во врска со член 89 став (1) алинеа 3 од Законот за средно образование (,,Службен весник на РМ“ бр.44/95, ...64/18 г.) и член 38 став (1) точка 29 одСтатутот на Општина Гевгелија(,,Службен гласник на Општина Гевгелија бр.26/05, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 г.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 29.06.2022 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**заизмена и дополнување на Решението за усвојување на измените и дополнувања на финансовиот план за 2022 година на СОУ ,,Јосиф Јосифовски“ –Гевгелија**

1.Во решението за усвојување на измените и дополнувања на финансовиот план за 2022 година на СОУ ,,Јосиф Јосифовски“ –Гевгелија точка 1 се менува и гласи:

"Се усвојуваат измените и дополнувањата на финансовиот план за 2022 година на СОУ “Јосиф Јосифовски“ Гевгелија за планирани приходи и расходи за следните сметки: 715010824990313 усвоени и предложени од Училишниот одбор со Одлука бр.02-343/1 од 08.04.2022 година, сметка 7150108249785А7усвоени и предложени од Училишниот одбор со Одлука бр.02-345/1 од 08.04.2022 година,сметка 715010824978598,усвоени и предложени од Училишниот одбор со Одлука бр.02-344/1 од 08.04.2022 година."

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1556/1
29.06.2022 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---------------------------------------------------------------

Врз основа на член 20-б став (1) алинеа 3 од Законот за вработените во јавниот сектор (“Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и “Службен весник на РСМ бр.143/2019 и 14/2020), и член 38 став (1) алинеа 11 од Статутот на Општина Гевгелија (Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 г.), Советот на Општина Гевгелија на седница одржана на 29.06.2022 година

**РЕШЕНИЕ**
**за давање согласност на Годишниот план за вработување на СОУ ″Јосиф Јосифовски″-Гевгелија за 2023 година**

1.Со ова Решение се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2023 година на СОУ ,,Јосиф Јосифовски“ – Гевгелија со архивски број 01-476/1 од 07.06.2022 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1557/1
29.06.2022 год
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

---------------------------------------------------------

Врз основа на член 20-б став (1) алинеа 3 од Законот за вработените во јавниот сектор (“Службен весник на РМ“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и “Службен весник на РСМ бр.143/2019 и 14/2020), и член 38 став (1) алинеа 11 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седница одржана на 29.06.2022 година

**РЕШЕНИЕ**
**за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУ Библиотека ″Гоце Делчев″-Гевгелија за 2023 година**

1.Со ова Решение се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2023 година на ЈОУ Библиотека ,,Гоце Делчев“ – Гевгелија со архивски број 01-83/1 од 28.05.2022 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Бр.09-1558/1
29.06.2022 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх с.р.**

----------------------------------------------------------------------

Врз основа на член 12 став 2 од Законот за библиотеките ("Службен весник на Република Македонија" бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 122/21) и член 10 став 2 од Статутот на Јавна Општинска Установа – библиотека „Гоце Делчев“ Гевгелија, Градоначалникот на општина Гевгелија донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

За разрешување од должност директор на Јавна општинска установа
Библиотека „Гоце Делчев“ Гевгелија

1. Се разрешува Дамјан Ѓуров од Гевгелија, од должноста директор на Јавна општинска установа Библиотека „Гоце Делчев“ Гевгелија, поради истек на мандатот за кој е избран.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.08-1469/1 Градоначалник
15.6.2022 година на општина Гевгелија
Гевгелија

**Андон Сарамандов, с.р.**

----------------------------------------------

Врз основа на член 50 став (1) точка 16 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и член 62 став (1) алинеа 14 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 2/21 и 5/21), Градоначалникот на Општина Гевгелија на ден 01.07.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за доделување награда за првенец на генерацијата**
**во ООУ „Крсте Мисирков“- Гевгелија за учебната 2021/2022 год.**

1. На **Софија Иванова** од Гевгелија, ученик во IX одделение во ООУ „Крсте Мисирков“-Гевгелија, прогласена за првенец на генерацијата во учебната 2021/2022 година во ООУ „Крсте Мисирков“-Гевгелија и се доделува парична награда во износ од 10.000 денари.

2. Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и буџет во Општина Гевгелија, а наградата ќе се исплати од Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година.

3. Средствата ќе бидат уплатени на родителот Билјана Иванова од Гевгелија, со адреса на живеење на ул. „Панче Пешев“ бр.1А/1-19, на трансакциска сметка 300007081000327 во Комерцијална Банка АД Скопје.

4. Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
***Андон Сарамандов*** **с.р.**

Бр. 14-1564/5
01.07.2022 год.
Гевгелија

------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став (1) точка 16 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и член 62 став (1) алинеа 14 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 2/21 и 5/21), Градоначалникот на Општина Гевгелија на ден 01.07.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за доделување награда за првенец на генерацијата**
**во ООУ „Владо Кантарџиев“- Гевгелија за учебната 2021/2022 год.**

1. На **Ѓорги Новаковски** од Гевгелија, ученик во IX одделение во ООУ „Владо Кантарџиев“-Гевгелија, прогласен за првенец на генерацијата во учебната 2021/2022 година во ООУ „Владо Кантарџиев“-Гевгелија, му се доделува парична награда во износ од 10.000 денари.

2. Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и буџет во Општина Гевгелија, а наградата ќе се исплати од Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година.

3. Средствата ќе бидат уплатени на родителот Душка Новаковска од Гевгелија, со адреса на живеење на ул. „Македонија“ бр.14-4, на трансакциска сметка 200002380407152 во Стопанска Банка АД Скопје.

4. Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
***Андон Сарамандов*** **с.р.**

Бр. 14-1564/6
01.07.2022 год.
Гевгелија

---------------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став (1) точка 16 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и член 62 став (1) алинеа 14 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 2/21 и 5/21), Градоначалникот на Општина Гевгелија на ден 01.07.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за доделување награда за првенец на генерацијата**
**во ООУ „Климент Охридски“- Миравци за учебната 2021/2022 год.**

1. На **Леонид Цуклев** од Миравци, ученик во IX одделение во ООУ „Климент Охридски“- Миравци, прогласен за првенец на генерацијата во учебната 2021/2022 година во ООУ „Климент Охридски“-Миравци, му се доделува парична награда во износ од 10.000 денари.

2. Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и буџет во Општина Гевгелија, а наградата ќе се исплати од Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година.

3. Средствата ќе бидат уплатени на родителот Ленче Цуклева од Миравци, со адреса на живеење на ул. „Кирил Танев“ бб, на трансакциска сметка 210501559712713во НЛБ Банка АД Скопје.

4. Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
***Андон Сарамандов***

Бр. 14-1564/7
01.07.2022 год.
Гевгелија

---------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став (1) точка 16 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и член 62 став (1) алинеа 14 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 2/21 и 5/21), Градоначалникот на Општина Гевгелија на ден 01.07.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за доделување награда за првенец на генерацијата**
**во ООУ „Ристо Шуклев“- Негорци за учебната 2021/2022 год.**

1. На **Димитар Боболков** од Негорци, ученик во IX одделение во ООУ „Ристо Шуклев“- Негорци, прогласен за првенец на генерацијата во учебната 2021/2022 година во ООУ „Ристо Шуклев“-Негорци му се доделува парична награда во износ од 10.000 денари.

2. Решението ќе го изврши Одделението за финансиски прашања и буџет во Општина Гевгелија, а наградата ќе се исплати од Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година.

3. Средствата ќе бидат уплатени на родителот Соња Боболкова од Негорци, со адреса на живеење на ул. „Фердинад Јованов“ бр.2, на трансакциска сметка 270-700033531103 во Халк Банка АД Скопје.

4. Ова Решение влегува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

Градоначалник
на Општина Гевгелија,
***Андон Сарамандов*** **с.р.**

Бр. 14-1564/8
01.07.2022 год.
Гевгелија

----------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став (1) точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/2002 год.) и член 19-а од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 39/16, 64/18 и 35/19 год. и "Службен весник на РСМ" бр.275/19 и 89/22 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија на ден 06.06.2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За распишување на Јавен Конкурс за избор на Директор на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец" - Гевгелија**

1.Градоначалникот на Општина Гевгелија донесе Одлука за распишување на Јавен Конкурс за избор на Директор на јавното претпријатие за комунални дејности “Комуналец“-Гевгелија.

2.Јавниот Оглас ќе биде објавен од три (3) дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден (1) од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓани кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик. Условите кои треба да ги исполнуваат кандидатите за Директор, потребната документацијата и времетраењето на Конкурсот, ќе бидат предвидени во Јавниот конкурс.

3.Постапката за избор на Директор на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец"-Гевгелија, ќе ја спроведе тричлена Комисија формирана од Градоначалникот на Општина Гевгелија .

4.Ова Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија“.



Бр.08-1416/1 Градоначалник
06.06.2022 год. на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Андон Сарамандов, с.р.**

---------------------------------------------------------

Врз основа на член 50 став (1) точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/2002 год.), член 62 став (1) алинеа 14 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.) и член 19-а став (3) од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 39/16, 64/18 и 35/19год. и Службен весник на РСМ" бр.275/19 и 89/22 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија на ден 06.06.2022 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**За формирање на Комисија за спроведување на постапка за избор на директор на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец"-Гевгелија**

1.Се формира Комисија за спроведување на постапка за избор на директор на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец"-Гевгелија, од редот на вработените во општинската администрација на општина Гевгелија.

2.Трichлената комисија, избрана од страна на Градоначалникот на Општина Гевгелија, е во состав:

-**Благој Ристов**, дипл.правник, советник за нормативни работи од надлежност на Советот на Општина Гевгелија,

**-Благој Картов**, дипл.политиколог, соработник за техничка подготовка на седниците на Советот на Општина Гевгелија

**-Лилјана Кичукова**, дипл.економист, секретар на Општина Гевгелија.

3.Комисијата од точка 1 на ова Решение ги прегледува пристигнатите документи по јавниот оглас за избор на директор на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија, и во рок од 8 (осум) дена по истекот на рокот на огласот, целокупната документација ја доставува до Градоначалникот на Општина Гевгелија заради



извршување на избор на директор на ова јавно претпријатие во законски утврдениот рок.

4.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.08-1416/2 Градоначалник
06.06.2022г. на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Андон Сарамандов, с.р.**

---------------------------------------------------------------

Врз основа на член 19-а став (4) од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 39/16, 64/18 и 35/19 год. и "Службен весник на РСМ" бр.275/19 и 89/22год.), член 50 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), и член 62 став (1) алинеа 13 од Статутот на Општина Гевгелија (’’Службен гласник на Општина Гевгелија’’ бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на директор на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец"-Гевгелија**

1.**Се избира Раско Чочков од Гевгелија,** со завршена ВСС-Правен факултет при Универзитетот "Кирил и Методиј" во Скопје - насока правни студии, **за директор на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец"-Гевгелија.**

2.Примерок од Решението да се достави до избраното лице и до Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец"-Гевгелија.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ’’Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.08-1416/7 Градоначалник,
17.06.2022 год. на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Андон Сарамандов, с.р.**

---------------------------------------------------------



Врз основа на член 24-а став (1) алинеа 2 од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на РМ бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 39/16, 64/18 и 35/19 год. и "Службен весник на РСМ" бр.275/19 и 89/22 год.), член 62 и 64 од Законот за работните односи ("Службен весник на РМ" бр.167/15 – пречистен текст, 27/16 и 120/18 год. и "Службен весник на РСМ" бр.110/19, 276/20, 151/21 и 288/21 год.), и член 50 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), Градоначалникот на Општина Гевгелија донесе

## РЕШЕНИЕ
## за престанок на мандатот на в.д. директорот на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец"- Гевгелија

1.На Раско Чочков од Гевгелија**,** со завршена ВСС-Правен факултет при Универзитетот "Кирил и Методиј" во Скопје, насока-правни студии, му престанува мандатот како в.д. Директор на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец"-Гевгелија, заради избор на функцијата директор на ова Јавно претпријатие.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.08-1416/9 Градоначалник
17.06.2022 год. на Општина Гевгелија,
Гевгелија **Андон Сарамандов, с.р.**

***С о д р ж и н а***

1.Одлука за утврдување приоритет на проект: пристапен пат до земјоделско земјиште во КО Мрзенци, Општина Гевгелија ---------------------------------------------------------------------- 423

2.Одлука за давање согласност за намената на инвезтицијата ,,Пристапен пат до земјоделско земјиште во КО Мрзенци, Општина Гевгелија ------------------------------------- 423

3.Програма за измена и дополнување на програмата за уредување на градежното земјиште во Општина Гевгелија за 2022 година -------------------------------------------------- 424

4.Одлука за донесување на Техничка исправка на ГП 3.24 и 3.24а од Детален урбанистички план Блок 16, донесен со Одлука број 09-267/1 од 28.01.2022 година ---- 426

5.Одлука за утврдување потреба за прифаќање на иницијативата од барателот за изработка на урбанистички проект (УП) (КП бр.58/1 КО Мрзенци- ------------- 427

6.Одлука за утврдување потреба за прифаќање на иницијативата од барателот за изработка на урбанистички план за село(УПС) (КП бр.1727/1 КО Серменин -------------- 427

7.Решение за давање согласност на Финансискиот извештај на ЈП за комунални дејности ,,Комуналец"-Гевгелија за периодот од 01.01.2022 г.-31.03.2022 г.---------------------------- 428

8.Решение за измана и дополнување на Решението за усвојување на измените и дополнувањата на финансовиот план за 2022 г на СОУ ,,Јосиф јосифовски"-Гевгелија 429

9.Решение за давање согласност на Годишниот план за вработувањена СОУ ,,Јосиф Јосифовски" – Гевгелија за 2023 година ------------------------------------------430

10.Решение за разрешување од должност директор на Јавна општинска установа Библиотека „Гоце Делчев" Гевгелија -----------------------------------------------------------------431

11. Решение за доделување награда за првенец на генерацијата во ООУ „Крсте Мисирков"- Гевгелија за учебната 2021/2022 год.---------------------------------------- 431

12.Решение за доделување награда за првенец на генерацијата во ООУ „Владо Кантарџиев"- Гевгелија за учебната 2021/2022 год.--------------------------------------- 432

13.Решение за доделување награда за првенец на генерацијата во ООУ „Климент Охридски"- Миравци за учебната 2021/2022 год ---------------------------- 433

14.Решение за доделување награда за првенец на генерацијата во ООУ „Ристо Шуклев“- Негорци за учебната 2021/2022 год.--------------------------------------------- 434

15.Одлука за распишување на Јавен Конкурс за избор на Директор на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец" – Гевгелија ---------------------435

16.Решение за формирање на Комисија за спроведување на постапка за избор на директор на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец"-Гевгелија------- 436

17.Одлука за избор на директор на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец"-Гевгелија---------------------------------------------------------------------------- 437

18.Решение за престанок на мандатот на в.д. директорот на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец"- Гевгелија -------------------------------------------438

,,Службен гласник на општина Гевгелија“ Излегува по потреба
Уредува и издава службата за стручно административни и општи работи.